## ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Со Националниот план за акција на децата во Република Македонија се утврди на кое ниво се наоѓа државата, кои се спроведените активности и направените чекори и кои се идните планови на Владата на Република Македонија во делот на унапредување на правата на децата. Со изготвениот Акционен план се дава апсолутен приоритет на правата на децата и нивните интереси.

Процесот на посвојување на деца без родителска грижа како значаен сегмент и една од формите на општествената заштита на децата, отсекогаш се соочува со два основни предизвика: едниот е како да се објективизира постапката а другиот е како да се заштити процесот од коруптивни влијанија и да се донесе најправедна одлука во согласност со најдобриот интерес на детето.

Имајќи ја предвид актуелноста на оваа проблематика, Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема Програми и мерки за посвојување на деца без родители опфаќајќи го периодот по воведувањето на електронскиот начин на посвојување во 2011 година.

Со прелиминарните истражувања ги дефиниравме следниве цели на ревизијата:

- Дали законската регулатива и критериумите за избор на посвоител по електронски пат и воспоставениот контролен систем во рамки на надлежните институции обезбедува реално и објективно посвојување на децата без родители;
- Функционирањето на надлежните органи и институции инволвирани во процесот на посвојување на децата без родители.
- Превентивни мерки на државата за поддршка и за спречување на напуштање на децата и откажување од родителското право

Ревизијата на успешност е извршена согласно член 22 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2010 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

Ревизијата на успешност е планирана и извршена во периодот од 05/07/2011 13/09/2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.